**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**27 април, 2009 година**

Ве известуваме дека во организација на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД во посета на Република Македонија ќе пристигне професорот Волтер Андрусизин. Цел на посетата на д-р Андрусизин е предавањето на Универзитетот Американ Колеџ, кое ќе се одржи на **4 мај** и е дел од Меѓународната образовна програма на Институтот ОХРИД.

Професор Андрусизин е заменик постојан претставник на САД во НАТО, а воедно, е и професор на Колеџот за бизнис и администрација на Универзитетот во Јужна Флорида каде што предава меѓународен бизнис. Има огромно искуство во економијата, бизнисот и политиката.

Институтот ОХРИД досега успешно ја имплементираше оваа програма и соработката која ја воспостави со Универзитетот Американ Колеџ се покажа како исклучително просперитетна. После серија на врвни професори од странство меѓу кои:

- ПрофесорХарди Бујон од Германија,
- Професор Бенедикт Коен од САД,
- Професор Барбара Колм од Австрија,
- Професор Роман Јох од Чешка

Следен ексклузивен врвен гостин на Институтот ОХРИД е професор Волтер Андрусизин. Професор Андрусизин ќе зборува на тема: Трансатлантската агенда, демократизација и економски развој.

Студентите на Меѓународната образовна програма ќе ја имаат можноста да слушаат предавање од овој врвен професор кој специјално за нив ќе зборува токму на таа тема.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk